ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во оштината и дава свои мислења и предлози, особено прашањата за:

- локалната економска политика и мерки за економскиот и социјалниот развој и стабилност;
- политика на вработувањето, особено вработувањето на младите;
- политика на цените и платите;
- конкуренцијата и продуктивноста;
- животниот стандард и сиромаштијата;
- развивање и унапредување на колективното договарање;
- поттикнување мирното решавање на колективните работни спорови;
- подобрување на работните услови и заштита на работа
- заштита на работната и животната средина;
- образование и професионална обука;
- здравствена и социјална заштита и сигурност;
- детската заштита;
- заштита на возрасните лица и лица со посебни потреби;
- демографски движења;
- приватизација;
- други прашања во согласност со актите на ЛЕСС.

**Член 4**

Локално економско-социјалниот совет број 12 члена и тоа:

Општина Битола: двајца членови од Советот на општината (по еден од позиција и опозоција), и двајца претставници од општинската администрација...........................4

- Организација на работодавачи на Македонија ..........................................4
- Сојуз на синдикати на Македонија-Синдикална канцеларија Битола...........2
- Конфедерација на слободни синдикати................................................2

Во работата на ЛЕСС партиципираат:

- Агенција за вработување на Република Македонија, Центар за вработување – Битола .....................................................1
- Сојуз на средношколска младина ..........1
- Сојуз на студенти...................................1
- Федерација на фармери ..........................1
- Сојуз на земјоделци ...........................1
- Регионална занаетчиска комора-Битола .....................................................1
- Претставник од средните училишта ......1
- Претставник од Високото образование ..........................................1
- Форум на здружение на граѓани ...........1

ЛЕСС е отворен за соработка и со други субјекти и во својата работа ќе ги вклучува при разгледувањето на одредени прашања од областа за која се формирани.

Секој од партенерите својот претставник во ЛЕСС го именува во текот на мандатот врз основа на свои документи и изборни правила.

Мандатот на членовите на ЛЕСС трае 4 години.

**Член 5**

ЛЕСС донесува Деловник за работа со кој поблиску ја уредува организацијата и начинот на работа.

Организациски и административно-технични работи за потребите на ЛЕСС ги врши секретарот на ЛЕСС, кого ЛЕСС го бира на 4 години.

**Член 6**

Средствата за основање и работата на Совет ги обезбедуваат членовите согласно можностите, а врз основа на меѓусебен договор. Покрај средствата од став 1 на овој член, средства за работа на ЛЕСС се обезбедуваат и од донации, прилози, спонзорства на домашни и странски правни и физички лица и други извори во согласност со Законот.

**Член 7**

По донесувањето на Одлуката ќе се склучи спогодба помеѓу партнерите и тоа: Општината Битола, претставувана од Градоначалникот на Општината Битола, претставник на Организација на работодавачи на Македонија и претставник од Сојузот на синдикати на Македонија, Конфедерација на слободни синдикати.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-299/17
16.02.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Здружението ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Здружението ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-228/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.02.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Здружението ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Здружението ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА – Битола во насловот да го употреби името Битола и да гласи: Здружение ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА - Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-299/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Меѓународното полициско здружение РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ИПА БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Меѓународното полициско здружение РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ИПА БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-228/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.02.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2012 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Меѓународното полициско здружение РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ИПА БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Меѓународното полициско здружение РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ИПА БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола и да гласи: Меѓународно полициско здружение РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ИПА БИТОЛА - Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-299/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈКП „Нискоградба“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈКП „Нискоградба“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-228/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.02.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2012 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈКП „Нискоградба“ Битола

1. Од Одборот за материјално-финансиското работење во ЈКП „Нискоградба“ Битола се разрешуваат Ѓорги Тошев и Елена Крстева, а се предлагаат Душан Божиновски, од Битола, дипл.економист, ул. „Београдска“ бр. 49 и Сашо Павловски, од с. Трново, дипл. економист.

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општината Битола“ .

Бр.07-299/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за донесување на ДУП за ,,Станбена заедница бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола

1. Ја објавувам Одлуката за донесување на ДУП за „Станбена заедница бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-228/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.02.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање–Пречистен текст („Сл. весник на РМ” бр. 60/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Оп-

штината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на ДУП за ,,Станбена заедница бр. 4 и 2 Реонски центар Запад“ Блок 1 Битола

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад,, Блок 1 Битола.

**Член 2**

Границите на ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад,, Блок 1 Битола се: на север осовина на ул. „Борис Кидриќ,, на исток осовина на дел од ул. „Михајло Андоновски,, на југ осовина на планирани колски и пешачки пристапи во Реонскиот Центар до пресек со осовина на ул. „Васко Карангелевски,, и запад осовина на дел од ул. „Васко Карангелевски,,.

Опфатот на овој Урбанистички План има површина од 4.4 ха

**Член 3**

ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад,, Блок 1 Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

**Член 4**

ДУП за „Станбена заедница Бр. 4 и 2 Реонски центар Запад,, Блок 1 Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-299/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2012 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање во сопственост на движна ствар на Република Македонија без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање во сопственост на движна ствар на Република Македонија без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-228/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.02.2012 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 1 од Одлуката за престанок на користење и за пренесување на правото во сопственост на движни ствари на општините („Сл. весник на РМ“ бр. 14/2012), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање во сопственост на движна ствар на Република Македонија без надоместок

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Битола прифаќа во сопственост без надоместок движната ствар училишен автобус со број на шасија LZYTDTD68B1027952, жолта боја, со година на производство 2011.

**Член 2**

Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања ќе склучи договор со Градоначалникот на Општината Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-299/22
16.02.2012 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г. , бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г, бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г. и број 08-2070/1 од 02.09.2011 година ("Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 и 12 /11) и тоа:

Во член 5 Сектор за правно нормативни , административни и општи работи, Одделение за правно-нормативни работи, работно место под број „6. седници на Совет и комисии„ во делот „Број на извршители„ бројот „3„ се заменува со бројот „5„.

**Член 2**

Во членот 5 Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање , заштита на животната средина , комунални дејности и уредување на градежно земјиште , Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина, по работното место „63. Урбанистички аналитичар„ се додава работно место „63а. Сообраќајна инфраструктура„ кое гласи:

**„63а. Назив на работното место**: **<u>сообракајна инфраструктура</u>**

**Звање**: советник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи кои се однесуваат на сообраќајната инфраструктура.

**Главни работни должности:**

- самостојно извршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;

- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од обласга на просторното и урбанистичкото планирање; сообракајна инфраструктура, учествува во создавање на општински ГИС , вклучувајки го формирањето и водењето на база на податоци
- ја следи и анализира изработката на урбанистички планови од аспект на сообракајна инфраструктура , координира со планерите – изработувачи на урбанистички планови и дава насоки за изработка на истите.

- учествува и води стручни комисии и изготвува мислења ,анализи, и стручни појаснувања, во врска со сообраќајната инфраструктура,
-изготвува идејни решенија за уредување на просторот и уредување на градежното земјиште од аспект на сообраќајната инфраструктура.

- остварува соработка со сите субјекти на ниво на општина и пошироко кој имаат свои бази на податоци за инфраструктура, подземни и надземни инсталации, просторни , демографски, стопански и др. карактеристики потребни за планирање
- работи на геореференцирање на скенирани планови , користи растерски и векторски податоци, креира геодатабаза за урбано планирање , се грижи и ја ажурира електронскта библиотека на урбанистички планови

- учествува во постапката за донесување на урбанистички планови, изработка на документациона основа на урбанистички планови, изработка на годишната програма за изработка на урбанистички планови;
во се од аспект на сообракајна инфраструктура,

- врши прием на странки и дава информации,
- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби; изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно-аналитички материјали; анализи, информации мислења и други материјали за комисиите на Советот на Општината и дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти кои се однесуваат на сообраќајната инфраструктура
- врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Сообраќаен факултет
работно искуство од најмалку 3 години во струката;
други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајки и лични квалитети:работа со компјутери способност за тимска работа.

**Број на извршители:** 1,,

Во Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште работно место ,,72 локални патишта и улици,, во делот на посебните услови зборовите ,,овластување А за надзор и ,, се бришат и во делот
,,Број на извршители,, бројот ,,1,, се заменува со бројот,,2,,

**Член 3**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на изврши тели | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 06 | Седници на совет и комисии | Самостоен референт | 5 | IV ССС VI/1 ВШС-Правен , Педагошка, или машински отсек работа со компјутер | Најмалку 3 г. во струката |

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 63а | Сообракајна инфраструктура | Советник | 1 | Стекнати најмалку 240 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 Сообраќаен Факултет работа со компјутер Способност за тимска работа | Најмалку 3г во струката |

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 72 | Локални патишта и улици | Советник | 2 | Стекнати најмалку 240 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Градежен Факултет, овластување „Б„за проектирање работа со компјутер Способност за тимска работа | Најмалку 3 г. во струката |

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Битола", а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-159/1**
25.01.2012.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11), Градоначалникот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз -Тито„ Битола**

1. За Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола **се избира Кирил Печалев** ВСС Дипломиран професор по биологија вработен во училиштето, со положен испит за Директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОУ, Училишниот одбор со допис бр 03-266/1 од 30.12.2011 година достави предлог до Градоначалникот -бр. 02-265/3 од 28.12.2011 г. со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот **Кирил Печалев** ВСС Дипломиран професор по биологија вработен во училиштето, со положен испит за Директор, кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08- 2717/5-2011
10.01. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи„ Битола**

1. За Директор на ОСМУ „Др Јован Калаузи„ Битола **се избира Јасмина Никиќ- Десановска** Дипломиран Фармацевт со положен испит за Директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на ОСМУ „Др Јован Калаузи„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во ОСМУ, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот - бр. 03-313/1 од 29.12.2011 г. со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот Јасмина Никиќ- Десановска Дипломиран Фармацевт со положен испит за Директор, досегашен директор на училиштето.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.
**Правна поука:** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр. 08- 3041/4-2011
10.01. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11)), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

ОДЛУКА
за невршење избор на Директор во СОЕУ „Јане Сандански„ Битола

1. Не се врши избор на Директор во СОЕУ „Јане Сандански„ Битола, а по распишаниот јавен оглас.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**Образложение**

Градоначалникот на Општината Битола донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОЕУ „Јане Сандански„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОЕУ, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот -бр. 02-496/2 од 30.12.2011 г

Во законскиот рок предвиден во член 92а став 13 - Градоначалникот на општината не изврши избор на Директор по што е испратено до Училишниот одбор, писмено образложение -Известување бр.08-2724/4-2011 од 13.01.2012 год.

Во дополнителниот рок од седум дена, согласно член 92а став 14 од Законот за средно образование, Училишниот одбор не достави предлог за Директор односно достави Известување бр 03-31/2 од 23.01.2012 г. како и Записник бр. 03-31/1 од 23.01.2012 г. со кој дописи се известува Градоначалникот на Општина Битола дека Училишниот одбор при СОЕУ „Јане Сандански „ Битола поради немање на кворум не е во можност да одржи седница, а со тоа и да достави предлог за Директор.

Имајки го во предвид погоре изнесеното како и фактот дека во законскиот рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од Градоначалникот, - училишниот одбор не достави предлог кандидат за Директор до Градоначалникот, се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08- 2724/6-2011
30.01. 2012 г.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 91 и 92а, од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10156/10, 18/11, 42/11, 51/11), Градоначаликот на Општина Битола , донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Средно општинско училиште**
**„Таки Даскало„ Битола**

1.За Директор на СОУ „ Таки Даскало„ Битола
**се избира Анита Ангелевска** ВСС Филолошки факултет вработена во училиштето како наставник по македонски јазик и литература, со положен испит за Директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на СОУ „Таки Даскало„ Битола.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во СОУ, Училишниот одбор со допис бр 02-57 од 16.01.2012 година достави предлог до Градоначалникот -бр. 02-48 од 13.01.2012 г.заведен во Општина Битола бр. 08-2676/3-2011 со кој предлог за Директор на училиштето е предложен кандидатот **Анита Ангелевска** ВСС Филолошки факултет вработена во училиштето како наставник по македонски јазик и литература, со положен испит за Директор, кој воедно е и единствен кандидат кој се пријавил по огласот.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 91 и 92а, од Законот за средно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08- 2676/7-2011
01.02. 2012.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

# С О Д Р Ж И Н А

П Р О Г Р А М А за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за периодот од 5 години во Општината Битола (2011-2016)...................... 13

О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2012 година ................ 14

О Д Л У К А за продажба на недвижен имот................................................................ 15

О Д Л У К А За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за ЈЕНИ МААЛЕ 2 дел Блок А - Општина Битола ............................................ 16

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за "ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4-ти дел", Блок 1- Битола .......... 17

О Д Л У К А отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за "ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4-ти дел", Блок 4- Битола .......... 17

О Д Л У К А За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4 дел Блок 12 - Општина Битола ............................................................ 18

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за "ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 3-ти дел", Блок 7- Битола .......... 19

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план за село Бистрица - Блок 1 - Општина Битола............................... 20

О Д Л У К А за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија на КП Бр. 825/1 м.в. ПРЕСЛАП КО Раштани - Општина Битола ............................................ 20

О Д Л У К А за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија - Братин Дол на КП Бр. 731, м.в. Вацлозје, КП Братин Дол – Општина Битола................ 21

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за „Тумбе-Кафе" Блок 1 (изменување и дополнување) Битола .................................... 22

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за „Г.П. 1.1 за антенски столб за радиорелејна мрежа за КП Бр. 749/1, КО Битола, Општина Битола ............................................ 22

О Д Л У К А за утврдување почетокот и завршетокот на работното време во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Мајски Цвет" Битола .................... 23

О Д Л У К А за основање Локален економско-социјален совет на Општината Битола............................................................. 24

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Здружението ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола .................................. 26

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Меѓународното полициско здружение РЕГИОНАЛЕН КЛУБ ИПА БИТОЛА - Битола во насловот да го употреби името Битола............................................................. 26

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Одборот за материјално-финансиското работење во ЈКП „Нискоградба" Битола............................ 27

О Д Л У К А за донесување на ДУП за „Станбена заедница бр. 4 и 2 Реонски центар Запад" Блок 1 Битола......................... 28

О Д Л У К А за прифаќање во сопственост на движна ствар на Република Македонија без надоместок ............................................... 28

П Р А В И Л Н И К за именување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола ........................................ 30

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Средно општинско училиште Гимназија „Јосип Броз - Тито“ Битола ........................... 33

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола ......... 34

О Д Л У К А за невршење избор на Директор во СОЕУ „Јане Сандански“ Битола............................................................ 35

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола............................................. 36

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211